Врз основа на член 50 став (1) точка 16 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 23 став (2) точка 15 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.9/26) а согласно член 4 став (3) од Правилникот за утврдување на постапката за прибирање предлози за проекти, програми и програмски активности од областа на културата од интерес за Општина Крива Паланка и за евалуација на извештаите за нивната реализација, бр. 08-5097/1 од 16.10.2026 година, Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за продолжување на рокот за поднесување пријави по Јавниот повик за прибирање предлог-проекти, програми и програмски активности од областа на културата од интерес на Општина Крива Паланка за 2027 година

Член 1

Се продолжува рокот за поднесување пријави по Јавниот повик за финансирање на предлог-проекти, програми и програмски активности од областа на културата од интерес на Општина Крива Паланка за 2027 година бр.31-5266/1 од 21.10.2026 година година.

Член 2

Рокот за поднесување пријави се продолжува за **5 (пет) дена**, и ќе трае до **09.11.2026 година.**

Останатите услови, критериуми и начин на пријавување утврдени во Јавниот повик и Правилникот остануваат непроменети.

Член 3

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето и ќе биде објавено на веб-страницата и огласната табла на Општина Крива Паланка.

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник,
Сашко Митовски

☎ +389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

INTERCERT CERTIFIED ISO 9001